ПИВАРА·СКОПЈЕ

THE Coca-Cola COMPANY

# ПИВАРА СКОПЈЕ АД

## ГЛОБАЛНА ПОЛИТИКА ЗА ПИЈАЛАЦИ ВО УЧИЛИШТАТА

Почитувањето на правата на родителите и старателите да имаат право на избор за нивните деца, е камен-темелник на нашите практики за Одговорен маркетинг. Ние целиме кон училишта во коишто нема рекламирање и не дозволуваме никаков маркетинг или рекламирање на наши пијалаци, освен на категориите дадени подолу.

Оваа политика воспоставува начела врз коишто се водат нашите практики во повеќе од 200 земји каде што се консумираат нашите производи. Тие се однесуваат на сите пијалаци, директно дистрибуирани од нашите локални партнери за производство до основните и средните училишта, коишто го имаат заштитниот знак на Компанијата Кока-Кола и/или се лиценцирани од Компанијата Кока-Кола. Како глобално претпријатие кое работи како локален бизнис, ние се придржуваме до сите локални регулативи и индустриски обврски.

Доколку ги нудиме нашите пијалаци за продажба во основните училишта, ќе дозволиме продажба единствено на:

- Вода (негазирана/газирана, обична/со вкус).
- 1ОО% сокови и смути од овошје/зеленчук (вклучувајќи разредени сокови).
- Млечни производи (со ниски масти/без масти, обични/со вкус). Дефинирањето на „ниски масти" се врши со локалните регулативи. Во секој случај, мастите мора да се минимум 2%.
- Растителни пијалаци (со ниски масти/без масти, обични/со вкус).

Критериумите за нутритивни вредности вклучуваат: 1) сок, млечни производи и растителни пијалаци кои може да се до 25 ml по големина на порција; 2) без додадени транс-масти во сите категории; 3) без додадени шеќери во категориите вода и 100% сок; 4) додадените шеќери во млечните и растителните пијалаци се ограничени на 15% дневна вредност по порција; 5) растителна основа мора да одговара на калциумот и протеините во млечните производи.

Сите автомати се небрендирани (освен копчето за избор). На барање, целосниот избор од нашите производи ќе се достапни во канцелариите или просториите за наставниците, каде има забранет пристап за учениците.

Доколку нашите пијалаци се нудат на продажба во средните училишта, ќе работиме со училишните власти за да се осигуриме дека е достапен целосниот избор на пијалаци (вклучувајќи вода, сокови и други пијалаци како обични, нискокалорични и без калории). Онаму каде учениците од основните и средните училишта имаат заедничка област или зграда, нашиот пристап, во дијалог со училишните власти ќе биде сразмерен со мислењето на мнозинството од учениците.

Кога училишните власти ќе побараат од нас да поддржиме вонннаставни или едукативни активности (на пр. училишни танци, театарски продукции, концерти на бендови, спортски активности), ние ќе ги разгледаме таквите барања во духот на оваа Политика. Ќе ги информираме третите страни - дистрибутерите за оваа политика во случаи кога конечната дистрибуција на нашите пијалаци во училиштата не е под контрола, ниту на Компанијата Кока-Кола, ниту на нејзините партнери за производство.

Датум: 01/01/2023

Горан Сладиќ
Генерален Директор